



# МИХО ЛАЗАРОВ

# ФОРМА И БОЈА
## КЕРАМИКА











**МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ „СКОПЈЕ“**

**ОКТОМВРИ – НОЕМВРИ** 1982

**ЛАЗАРОВ МИХАИЛ**

Скопје, ул. „Полог“ бр. 31, нас. „Пржино“, тел: 222-491
Роден 1932 година во Скопје
Дипломирал на Академијата за применета уметност, Отсек керамика во Белград
Член е на ДЛУПУМ од 1957 година и излагал на сите изложби на Друштвото

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

— 1957 год. ДЛУПУМ во Скопје
— 1963 год. I Републичка изложба на сувенири во Скопје
— 1971 год. „Македонски драгуљи“ во Нови Сад
— 1974 год. Македонска применета уметност во Приштина
— 1974 год. II триенале на југословенската керамика во Белград и Суботица
— 1976 год. Југословенска применета уметност во Скопје
— 1977 год. III триенале на југословенската керамика во Белград и Суботица
— 1978 год. I триенале на уникатно обликување во Сараево
— 1978 год. Македонските уметници на I триенале на уникатно обликување во Сараево и Скопје
— 1978 год. Современа македонска керамика во Скопје
— 1979 год. Керамика 79 во Куманово
— 1979 год. Мајски салон „УЛУПУС“ во Белград
— 1980 год. Меѓународен фестивал „Свет керамике“ во Аранѓеловац — Белград — Музеј примењених уметности
1980 год. IV триенале на југословенската керамика во Суботица и Белград „УНЕСКО“ — Сава центар
1980 год. Современа македонска керамика 80 во Скопје
1980 год. Современа македонска керамика 80 во Куманово
1981 год. Изложба на тема „Односот меѓу сликарството, скулптурата и керамиката“ во Приштина, Белград и Бања Лука
— 1981 год. Галерија „Карас“ Загреб — учесници од колонијата „ХИНКО ЈУХУ“ — Нашице — Хрватска
— 1981 год. Учесници од колонијата „ХИНКО ЈУХУ“ — Нашице
— 1982 год. Соврeмана македонска керамика во Скопје
— 1982 год. II биенале на керамика во Пиран
— 1982 год. Современа македонска уметност, (сликарство, скулптура, керамика и тапиcерија) МСУ Скопје

**ИЗЛОЖБИ ВО СТРАНСТВО:**

— 1962 год. Интернационална изложба на уметничка керамика во Прага — ЧССР
— 1965 год. Современа македонска уметност во Дижон — франција
— 1967 год. Интернационална изложба на уметничка керамика во Истанбул
— 1980 год. Избор од IV југословенско триенале во Културниот центар Жупанија Вач-кишкун, Кечкемет — Унгарија
— 1981 год. Југословенска керамика — „Југословенски културен центар“ во Париз — Франција

**СИМПОЗИУМИ И КОЛОНИИ:**

— 1973-1979 год. Ресенска керамичка колонија
— 1980 год. Симпозиум — меѓународен фестивал „Свет керамике“ — Аранѓеловац
— 1981 год. Колонија на уметничка керамика „ХИНКО-ЈУХУ“ — Нашице

**НАГРАДИ И ДИПЛОМИ:**

— 1962 год. Диплома од Интернационалната изложба на уметничка керамика во Прага — ЧССР
— 1963 год. I награда за сувенир во керамика
— 1976 год. Годишна награда на ДЛУПУМ
— 1980 год. II награда на IV триенале на југословенската керамика во Суботица и Белград
— 1981 год. Повеќегодишна награда на ДЛУПУМ „Бигорски следбеници“

1. Морско растеније — мајолика 45 X 45
2 Дел од морето — мајолика 30 X 30
3 Создавање на формата I — каменина 37 X 37
4 Создавање на формата I — теракота 35 x 35
5 Дел од морето II — мајолика 37 X 37
6 Каприц на природата I — мајолика 50 X 50
7 Керамопластика XX — каменина 40 X 40
8 Каприц на природата — мајолика 48 X 48
9 Школка — мајолика 50 X 50
10 Керамопластика XX — каменина 45 X 45
11 Керамопластика во тиркис — мајолика 47 X 47
12 Керамопластика XXX — мајолика 45 X 45
13 Форма — каменина 35 X 35
14 Морски цвет II — мајолика 50 X 50
15 Камен и цвет — мајолика 35 X 35
16 Растение — мајолика 30 X 30
17 Керамопластика XXI — мајолика 45 X 45
18 Керамопластика II — мајолика 45 X 45
19 Каприц на природата I — мајолика 47 X 47
20 Керамопластика VI — мајолика 45 X 45
21 Керамопластика — мајолика 30 X 30

1 Цртеж I — креда
2 Цртеж II — креда
3 Цртеж III — креда
4 Цртеж XX - креда
5 Цртеж XI — креда
6 Цртеж XXX — креда
7 Цртеж VI — креда
8 Цртеж XIX — креда
9 Цртеж XX — креда
10 Цртеж XXI — креда

Во мошне значајната и пресудна VI деценија на XX век, кога во севкупната македонска ликовна уметност доаѓа до големи превирања и нови импулси, во 1956 г. во Скопје, при УПУ се формира Отсекот за уметничка керамика. Кон крајот на таа деценија се појавуваат и првите академски образовани кадри и во македонската уникатна керамика, кои ги поставуваат нејзините основи. Михо Лазаров ѝ припаѓа на основоположничката генерација на македонското керамичко творештво. Наоѓајќи појдовни инспирации во богатата традиција на нашава почва, македонските керамичари, уште со појавувањето, настојуваат да го осовременат својот израз, следејќи ги на специфичен начин идеите и уметничките сфаќања на нашето време, респектирајќи ги, пред сè, законитостите на оваа дисциплина на применетата уметност. Ентусијазиран творец, долгогодишен педагог, Михо Лазаров повеќе од две децении професионално создава, речиси, исклучително занимавајќи се со уникатна керамика.

Определувајќи се за скулпторската вокација уште во најраните години на школувањето (во УПУ во Скопје беше на Отсекот за скулптура кај проф. Димо Тодоровски), тој своето интересирање и чувство за скулпторски израз ќе го задржи и негува сè до денес и покрај тоа што се определува за изучувањето на керамичкото творештво. На АПУ во Белград дипломира во 1959 г. во класата на познатиот уметник и искусен педагог, Иван Табаковиќ. Солидното искуство од Академијата, а пред сè индивидуалниот творечки ангажман и долгогодишното барање и експериментирање, би се рекло, согорување со проблемите на овој ликовен медиум, се елементи, што во нашава средина денес имаме керамичар каков што е Михо Лазаров. И токму поради тој професионален и самокритичен однос кон работата, поради желбата прво да создаде опус, кој според неговите критериуми ќе заслужува да биде покомплексно прикажан, Лазаров, дури во оваа, 1982 година, по 22 години уметничко дејствување во нашиов ликовен простор, за првпат се појавува со самостојна изложба. Меѓутоа, неговите дела, веќе поодамна ги имаат минато локалните граници на нашата Република, валоризирани по својот квалитет како составен дел на најдобрите остварувања во југословенското керамичко творештво. За ова сведочат неговите учества на, речиси, сите сојузни изложби на уникатната керамика во земјата и странство, покани за учество на керамички колонии, како и повеќе добиени награди.

Изложбата го прикажува неговото творештво од последните пет години (1978—1982). Но, таа доаѓа како резултат на едно долгогодишно дејствување, барање и експериментирање, преку кое се издиференцирал неговиот ликовен израз денес.

Лазаров работи на уникатната керамика (тир. керамопластика), со мали исклучоци во доменот на функционалната: декоративни чинии, релјефи и сл., создавајќи во почетокот дела кај кои е присутно далечното сеќавање за традицијата и изворното грнчарство. Тоа се повеќе примероци стилизирани фигури, глави, кентаури и сл., кои немаат функционална намена, туку се обликувани како естетизирани скулпторски форми. Уште во тие почетни дела се насетува чувството на авторот за скулпторско изразување, како и доброто познавање на технологијата. За разлика од делата што се изведуваат во класичните скулпторски материјали, тука мора да се напоменат и сите оние изненадувања и непредвидливи ефекти што ги создава средбата на глината со огнот и на кои керамичарот секогаш треба да биде подготвен, како би можел крајниот исход на делото да биде во определена согласност со неговата првична замисла. Најчесто ја користи техниката мајолика (глазиран шамот), чии технолошки својства најмногу му овозможуваат да се изразува како керамичар. Прави обиди и во другите техники, какви што се каменината, теракотата и сл. Целиот процес при настанувањето на керамичкото дело го изведува сам: од подготвувањето на земјата до финалниот производ. Од аморфната глинена маса, со својата имагинација ги создава саканите форми, во основата секогаш поаѓајќи од кружната и интервенирајќи врз неа со инвентивност, модифицирајќи ја во повеќе варијанти: со вдлабнати и испакнати површини, со зарези и израстоци. Топката е понекогаш компактна, другпат расцутува, или се распаѓа, се појавува како пресечена на неколку меѓусебно поврзани дела. Во последните керамопластики авторот ја збогатува формата со органски импликации: корења и други разновидни растителни фрагменти, што по природен пат си наоѓаат свое место низ структурата на каменот: се провлекуваат, се развиваат, се испреплетуваат во вид на чудесна арабеска од флореални елементи.

Навидум апстрактни, керамопластиките на Лазаров се проникнати инспиративно со формите од природата. Љубопитен набљудувач, тој уште на Академијата со интересирање го испитува микро и макро-космосот. Преку микроскопот и телескопот го набљудува оној чудесен свет на микро-организмите, бескрајно разновиден и во постојано движење, како и вечно менливиот свет во космосот. Другпат, со силата на својата имагинација се нурнува во водените длабочини, пребогати со визуелни сензации на организмите и другите предмети што егзистираат на нивното дно и врз кои моќта на водата оставила своевидна патина.

Сите тие сознанија Лазаров ги користи кога ја моделира својата керамопластика: асоцијации на камен, растенија, морски цветови, школки и сл, како и кога ја поставува глазурата. Во процесот на создавањето површината ја премачкува со глазура, што не е чисто индустриска, туку облагородена со разновидни додатоци: песок, метални оксиди и сл., со што постигнува вонредни суптилни премини (сивкасто-маслинесто-окерести), како и специфична зрнеста структура на површината. Тоа се чисто сликарски ефекти, чии корелации би можеле да ги најдеме во уметноста на енформелот. Настојува да ја нанесе природната патина, што се напластувала врз нив низ времето, или пак кога работи во теракота, наполно ја одбегнува глазурата за да ја истакне убавината на природната боја на земјата.

Составен дел на изложбата се и десетина цртежи со креда, кои авторот ги презентира во вид на скици за изведба на керамичко дело. Тие се студиозно и професионално работени (со линеаризми и сенки), што зборува за неговите сериозни подготовки пред почнувањето на креативниот чин.

Љ. Дамјановска





ДЛУПУМ

# ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ЗА ПРИМЕНЕТАТА УМЕТНОСТ НА МАКЕДОНИЈА